Врз основа на член 333 од Законот за трговски друштва и член 20 од Статутот на Тетекс АД Тетово, Собранието на акционери на Друштвото на својата седница одржана на ден 23.04.2025 год. ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За стекнување на сопствени акции со откуп**

1. Се одобрува стекнување на сопствени акции со откуп. Стекнатите акции со откуп не можат да бидат повеќе од една десетина од основната главнина на Друштвото.
   Откупот на сопствени акции ќе се врши од нераспределена добивка од претходни години и од нераспределената добивка по годишна сметка од 2024 год.

2. Откупот на акциите од членот 1 на оваа одлука да се изврши најдоцна во рок од 12 месеци од денот на донесувањето на оваа одлука.

   Противвредноста којашто може да се плати за откуп на сопствените акции од членот 1 од оваа одлука ќе се утврдува спрема движењето на пазарната цена на акциите на Тетекс АД Тетово на Македонската берза АД Скопје, како и во зависност од понуда и побарувачка на акциите.

3. Отуѓувањето на откупените сопствени акции согласно оваа одлука да се изврши во роковите утврдени со закон врз основа на одлуките донесени на Собрание на акционери.
   Стекнатите сопствени акции доколку не се отуѓат во законски определени рокови, без одлагање мора да бидат поништени во постапка согласно со закон.

4. Се овластуваат извршните директори во име на Друштвото да ги превземаат и вршат потребните активности околу купувањето на акциите на Македонската берза АД Скопје.
5. Минималната цена по која ќе се врши откупот на сопствени акции се утврдува на 2.000 ден. по акција, додека максималната цена по акција по која ќе се врши откупот, не може да биде повисока од 10% од последната официјална просечна пазарна цена на акциите издадени од Тетекс АД Тетово, на денот на стекнување на акциите.

6. Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.

Собрание на акционери на Тетекс АД Тетово

Председавач